РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

12-3763/2
15-06-2021

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител – ------- ---------------------, на продолжението на 49-та седница одржано на 08.06.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од познат подносител – --------------------, до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-3763/1 од 02.11.2020 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на пријавата утврди дека нема елементи за надлежно постапување по истата.

Предметот со број 12-3763/1 од 02.11.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-3763/1 од 02.11.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од познат подносител – -----------------------.

Во пријавата насловена како „За добивката од приватизацијата (продажбата) на -------- ---------------------", подносителот наведува дека на 30.06.2020 година се одржало годишното акционерско собрание на ------------, со дневен ред разгледување и усвојување на годишната финансиска сметка за 2019 год., извештајот за работата на компанијата за 2019 год., одобрување на работата на членовите на управниот одбор на компанијата, утврдување на добивката и дивидендата за 2019 год. и други поневажни прашања. Во продолжение се наведува дека на седницата присуствувале 3 (тројца) малцински акционери, овластен претставник на доминантниот акционер ---------------------и претставник на Владата на РМ – втор по број на акции во компанијата, истовремено претседавач на собранието. Подносителот наведува дека за прв пат акционерите останале без пишан материјал за седницата, а истиот поседувал пишан материјал од интернет па можел да коментира на седницата. Во продолжение се наведува дека тој го поставил прашањето „како е можно за предметната 2019 год. профитот на компанијата да е сведен на 25 милиони евра, а тоа се случува 6 години station наназад од 2014 год. наваму. Пред оваа година годишниот профит на компанијата изнесувал над 100 милиони евра. За 6 (шесте) изминати години вкупниот профит (добивка) на компанијата изнесуваше 132 милиони евра, за разлика од 6(шесте) години пред 214 год., кога

вкупниот промет изнесуваше 641 милиони евра. На што се должи овој голем пад на профитот, а бенефициите на менаџерскиот кадар и за управниот одбор останаа исти.“

Во продолжение на пријавата подносителот дава краток осврт на добивката остварена од 2001 година кога се приватизира ------------- и се наведува дека според тоа се гледа колкава би била добивката за РМ ако ----------- останел во државна сопственост. Исто така, се наведува дека изненадува однесувањето на доминантниот сопственик -------------------- и на Владата на РМ како втор по број на акции во ------------------ што овие 6 години не \покажаа интерес да ги откријат причините за огромниот пад на профитот на оваа компанија. За крај се упатуваат две пораки до Владата на РМ: преиспитување на работата и однесувањето на членовите во управниот одбор предложени од СДСМ и ДУИ и обид за договор со ---------------- за можен откуп на нивните акции во ---------.

По разгледување и проучување на наводите од пријавата, на седницата Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имено, наводите на подносителот не укажуваат на конкретна злоупотреба на службената положба и овластување од страна на службени лица – избрани или именувани или кои вршат работи од јавен интерес, а кои би можеле да се подведат под основи за сомневање за сторени дејствија на корупција, односно злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К.Ш, Советник

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

**Заменик Претседател**
**М-р Шемши Салаи**